Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022

# Извадок на дел од дневни настани 11.06.2022

На 10.06.2022 во 21.15 часот во кругот на основно училиште во Тетово од полициски службеници од СВР Тетово биле лишени од слобода: Ш.Л.(24), Т.А.(24), Д.Б.(18), Е.Е.(22), В.Л.(19), А.Е.(25), А.Ш.(24), Л.Л.(28), сите од Тетово и Џ.М.(22) од с.Стримница, тетовско, затоа што во нивна непосредна близина биле пронајдени и одземени 21 ќесичка со марихуана, а по извршена проверка било констатирано дека Л.Л. се барал и по судска наредба за издржување на затворска казна. Тој ќе биде спроведен во казнено-поправна установа, а по целосно документирање на случајот против сите ќе биде поднесен соодветен поднесок.

Денеска (11.06.2022) во 02.15 часот на бул.„Св. Климент Охридски" во близина на угостителски објект, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода М.М.(26) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена бела прашкаста материја. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 10.06.2022 во 22.20 часот на бул.„Партизански одреди" во близина на хотел, од страна на полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје бил лишен од слобода Б.К.(28) од Скопје, затоа што кај него биле пронајдени и одземени марихуана и бела грутчеста материја. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 10.06.2022 во рамки на засилените акциски контроли во областа на сообраќајот, на територија на град Скопје изречени се вкупно 174 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 49 санкции, 18 санкции за возење под дејство на алкохол, 10 мерки за возење без возачка дозвола. Изречени се и 18 мерки за недавање првенство на минување на пешаци,17 за прекршоци што ги прават пешаците, осум мерки за прекршоци што ги прават возачите на мотоцикл, шест за користење на мобилен телефон, пет санкции за возачи-почетници, три за нерегистрирани возила...

На 10.06.2022 во 23.50 часот во Полициската станица Кисела Вода, С.В.(47) и С.З.Т.(49), двајцата од Скопје, пријавиле дека на ул.„Антон Попов" биле каснати од куче скитник.

На 10.06.2022 од 14.00 до 20.00 часот полициски службеници на СВР Тетово спроведоа зајакната акциска контрола за брзина со која се движат возилата, а во која вкупно се изречени 134 мерки (ТЕ-99 и ГВ-35). Осумдесет и осум од мерките (ТЕ-53 и ГВ-35) се однесувале на пречекорување на максимално дозволената брзина надвор од населено место. Од нив, 14 пречекорувања (ТЕ-5 и ГВ-9) биле за повеќе од 70 километри на час. Во контролата биле откриени и санкционирани и 46 пречекорувања на пропишаната брзина (ТЕ) во населено место, а санкционирани, исто така, биле и 8 други видови сообраќајни прекршоци (ТЕ-6 и ГВ-2).

На 10.06.2022 во 13.50 часот во Полициската станица Центар, Ф.А.(29) од Скопје пријавила дека на ул.„Владимир Полежиновски" била касната од куче скитник.

На 10.06.2022 во периодот од 08.00 до 20.00 часот на територијата на СВР Велес спроведена е засилена акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возило со брзина поголема од пропишаната, при што санкционирани се 55 возачи. Од нив две возила се движеле со брзина над 70 километри на час повеќе од дозволеното. На сите прекршители изготвени им се соодветни поднесоци.

Во текот на вчерашниот ден (10.06.2022) во рамки на засилената акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, санкционирани се 516 возачи. Од нив 59 возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а 18 возила се движело со дури над 70 километри на час повеќе од дозволената брзина. Притоа 159 возила ја пречекориле брзината во населено место, а 357 надвор од населено место. За време на акциската контрола констатирани и законски санкционирани биле и 77 други видови прекршоци.
На 10.06.2022 во 15.25 часот во Полициска станица Крива Паланка е пријавено дека околу 15.15 часот во дворно место од семејна куќа во с.Длабочица, по претходна расправија околу нерасчистени имотно-правни односи, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Е.П.(39), од една страна и И.П.(26) и Л.П.(51), од друга страна, сите женски лица од истото село. Сочинет е записник за констатиран прекршок.

На 11.06.2022 во 02.35 часот во СВР Куманово е пријавено дека во пекарница на ул.„Трета македонска ударна бригада" во Куманово, сопственост на А.Б.(46) од Куманово, во близина на Зелен пазар, настанал пожар во кутија со осигурувачи поставена во една од просториите. Пожарот е изгаснат од противпожарната единица Куманово. Повредени лица нема. Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Куманово.

На 10.06.2022 во 06.40 часот во Полициска станица Кочани е пријавено дека во казино во Кочани, П.П. од Кочани физички ги нападнал вработените Х.М.(21) и Т.В.(59), двајцата од Кочани. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 10.06.2022 во 22.40 час во ОВР Кавадарци од Итна медицинска помош Кавадарци е пријавено дека кај нив е донесена повредена М.П.(57) од Кавадарци. Според пријавеното, таа се здобила со тешка телесна повреда при извршување на работни задачи во деловен субјект во Кавадарци, констатирана во Општа болница Кавадарци. Увид на местото извршила екипа од ОВР Кавадарци, а запознат е и Трудов инспектор.

Денеска (11.06.2022) во 06.55 часот во СВР Струмица Г.М.(30) од с.Просениково, струмичко пријавил дека околу 05.00 часот во близина на банка во Струмица бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 10.06.2022 година во 19.35 во СВР Тетово Б.П.(34) од Тетово пријавил дека околу 14.40 часот во близина на казино во Тетово, по претходно недоразбирање околу сообраќајот, бил физички нападнат од две лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 11.06.2022 во периодот од 01.00 до 05.00 часот, при извршени контроли во патниот сообраќај, полициските службеници од СВР Охрид затекнале 11 возачи кои управувале моторно возило под дејство на алкохол (Охрид-05, Кичево-06). Тие веднаш се исклучени од сообраќај, одземени им се возачките документи и поднесени им се соодветни платни налози.

На 10.06.2022 во 16.00 часот во Полициска станица Кочани, Б.К.(37) од Кочани пријавила дека на 07.06.2022 околу 23.45 часот на градскиот плоштад во Кочани едно лице одзело пари од нејзиниот малолетен син. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Одделението за внатрешни работи Гостивар поднесе кривична пријава против Д.Д.(41) од Маврово и С.Д.(25) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги и психотропни супстанци и прекурсори", „овозможување на употреба на наркотични дроги" и „недозволено изработување држење и тргување со оружје или распрскувачки материи". На 23.09.2020 на ул.„Мајор Чеде Филиповски" во Гостивар, полициски службеници извршиле преглед на патничко возило „мерцедес", управувано од Д.Д., при што кај него биле пронајдени пари, а во возилото биле пронајдени кокаин и пари. Исто така, при претрес во с.Маврово, во куќа каде што живее Д.Д., биле пронајдени и одземени четири патрони за ловна пушка калибар 16 мм.

На 10.06.2022 во 16.38 часот во СВР Штип било пријавено дека околу 16.20 часот во Кочани, неколку лица со употреба на сила од Л.П. одзеле предмети во неговото дворно место. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 10.06.2022 во 21.25 часот во Полициска станица Гостивар, Ќ.Д.(33) од с.Србиново, гостиварско, пријавил дека околу 15.30 часот во с.Беловиште, гостиварско, А.Н. од с.Беловиште физички го нападнал и му упатил закани со пиштол. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 10.06.2022 во 15.15 часот во с.Гиновци, кривопаланечко, полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода Ф.А.(40) од с.Гиновци, постапувајќи по пријава добиена во 14.30 часот според која тој пред неколку недели, по претходна расправија, го усмртил неговиот брат С.Џ.(29) од истото село и го закопал во дворот од семејната куќа. Полициски службеници од Полициско одделение Ранковце излегле на местото, а Ф.А. бил приведен во полициска станица и при извршен службен разговор го признал делото. Од страна на Јавен обвинител, полициска екипа, претставници од Институт за судска медицина и од Центарот за социјални работи извршен е увид, телото е пронајдено и по насока на обвинител предадено за обдукција. По целосно расчистување на случајот против сторителот ќе биде поднесена кривична пријава, а од страна на Судија на претходна постапка определена е мерка притвор во времетраење од 30 дена и ќе биде спроведен во Казнено-поправната установа Затвор К’шање.

На 10.06.2022 околу 11.30 часот во Полициска станица Аеродром е пријавено дека во казино на подрачјето на Аеродром, едно лице со закана кон вработената се обидело да одземе пари, но не успеало. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Куманово поднесе кривични пријави против М.И.(51) и В.Џ.(26), двајцата од Куманово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствени прописи за време на епидемија". На 03.05.2021 во Куманово за време за забрана за движење, пријавените биле затекнати како се движат без да поседуваат дозвола за движење.

На 10.06.2022 во 12.15 часот во Полициска станица Карпош, Г.М. пријавил дека на 04.06.2022 во 22.40 часот во близина на угостителски објект на подрачје на Карпош неговиот брат З.М.(45) од Скопје бил физички нападнат од едно лице, при што му била одземена ташничка со телефон, картичка и пари, по што бил пренесен во Комплекс клиники „Мајка Тереза" за укажување на лекарска помош. Според пријавеното, подоцна било утврдено и дека одземената платежна картичка била употребена. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 10.06.2022 во 16.30 часот во Полициска станица Струмица, К.К.(63) од с.Босилово пријавил дека околу 15.00 часот пред Медицински центар Струмица, по претходно недоразбирање, бил физички нападнат од едно лице вработено во установата. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 10.06.2022 околу 10.30 часот во Полициска станица Кисела Вода, М.Г.(47) од Р.Турција пријавил дека Г.Т., со кого од претходно се познавале, во април 2022 година во нас.Кисела Вода му одзел патничко возило „бмв", со скопски регистарски ознаки, а за да му го врати му побарал пари, кои во два наврата пријавителот му ги дал. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 11.06.2022 во 06.00 часот на подрачјето на Бит Пазар од полициски службеници од СВР Скопје е лишен од слобода А.М.(54) од Скопје, постапувајќи по пријава на М.А.(45) од Скопје според која на 10 и на 11.06.2022, по претходно недоразбирање, неговиот роднина А.М. му упатил закани со остар предмет, а се обидел и физички да го нападне при што ја оштетил влезната врата од неговиот дом. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.



Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет